**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дванаесеттото продолжение на Сто и прватa седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 септември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,08 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски**: Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, дами и господа.

Поради договор со пратеничките групи, повеќето пратенички групи предложиа и јас го прифатив да продолжиме со работа по 101-та седница на Собранието на Република Македонија, каде што ни остана само гласање по Законот за парнична постапка.

Значи продолжуваме со работа по 101-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ја отворам Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ана Андова, Игор Ивановски, Есад Рахиќ, Андреј Жерновски, Слободан Чашуле, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Абдулади Вејсели и Али Ахмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Минуваме на точката **10-Предлог на закон за парнична постапка.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно член 98 став 1 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува и со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедиництите кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 92 пратеника, од кои 83 за, 4 воздржани и 5 пратеника против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на закон со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака.

(Пратениците креваат рака).

Дали има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека на седницата присуствуваат 22 пратеника кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и од нив за Предлогот на законот гласаа 22 пратеници, против нема и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за парнична постапка.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 101-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,10 часот).